Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 38-та седница одржано на 14.09.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 05.03.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-1536/1 од 05.03.2020 година, во која се укажува на сомневање за предизборен поткуп со објавување на интерен оглас за прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот бидејќи по преземените дејствија не е утврдено прекршување на членот 8-а од Изборниот законик.

Предметот со број 12-1536/1 од 05.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1536/1 од 05.03.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за предизборен поткуп со објавување на интерен оглас за прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата, објавен на 13.02.2020 година, со што сите потенцијални примени лица би биле етикетирани како припадници /поддржувачи на одредена политичка партија. Во пријавата исто така се наведува дека огласот можело да биде објавен и порано, бидејќи за лицата (професионалните војници кои се кандидати) ќе се издвојуваат и поголеми плати како подофицери во однос на тие како професионални војници.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара од Министерството

за одбрана на Република Северна Македонија да достави информација дали започнатата постапка по интерниот оглас за прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата е ставена во мирување до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Влада на Република Северна Македонија, а согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик.

Со доставениот одговор и прилог документација, Министерството за одбрана информираше дека со акт број 09-1518/1 од 27.02.2020 година министерката за одбрана ги ставила во мирување до денот на завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија започнатите постапки по интерниот оглас за прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата и за прием на професионални војници.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи не е утврдено прекршување на членот 8-а од Изборниот законик, односно постапката по пријавениот оглас е ставена во мирување согласно истиот член од Изборниот законик, а се до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: Нури Бајрами, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**